## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 06 11. 2016
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
10 | 5452 | 1 |

### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 октомври до 31 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Не беше достигнат минималниот аналитички примерок од 2 часа. За десетте мониторирани дена - од 22 до 31 октомври, евидентирани се вкупно – 1 час 18 минути и 7 секунди новинарски прилози за внатрешно - политички и за други актуелни општествени теми, емитувани во централните изданија на радио-дневникот од 16:30 часот, продуциран од Радио Слободна Македонија.

***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

На 22 октомври во претпладневната емисија „Радио Полиграф" гостуваше д-р Елизабета Канческа - Милевска, министерката за култура, а централна тема беше истрагата „Тендер" покрената од Специјалното јавно обвинителство, во врска со изведбата на одредени објекти од проектот „Скопје 2014". Интервјуто е репризирано на 23 октомври по полноќ.

На 24 октомври, од 11 часот во емисијата „Кворум" гостуваше колумнистот Богдан Илиевски, а интервјуто е на тековни политички теми поврзани со предвремените парламентарни избори. Репризирано е од 21 часот истиот ден, и од 1 часот по полноќ.

На 26 октомври, емисијата „Круг" од 11 часот (реприза од 21 часот истиот ден, и по полноќ) е реализирана како интервју со Александар Новаковски, поранешниот претседател на Државната изборна комисија, а централна тема се изборите, со посебен осврт врз организациските одговорности на Комисијата.

На 27 октомври во емисијата „Бројки" премиерно од 11 часот, репризно од 21 часот и по полноќ на 28 октомври, емитувано е интервју со Кирил Миновски, министерот за финансии, а главна тема е – „Дуинг бизнис", извештајот на Светската банка.

На 28 октомври од 11 часот (реприза од 21 часот и од 1 часот по полноќ), главна тема на емисијата „Пулт" е писмото од Основното јавно обвинителство до Специјалното јавно обвинителство, а гостуваше (цитат): *„првиот човек на Судскиот совет - Зоран Караџовски"*.

На 29 октомври, од 11 часот (реприза на 30 октомври од 1 часот по полноќ), основна тема на актуелно-информативната емисија „Радио Полиграф" е „политичката манипулација" со - безбедноста на храната во Република Македонија. Гостин е Зоран Поповски, директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, а повод за интервјуто се обвиненијата против Агенцијата, јавно искажани од дополнителниот заменик-министер Љупчо Николовски.

На 31 октомври, во емисијата „Кворум" емитувано е интервју со Ламбе Арнаудов, член на извршниот комитет на ВМРО НП, а основна тема се потенцијалните коалиции, анализа и претпоставки за резултатите од изборниот процес.

*Други информативни програми*

На 25 октомври, премиерно од 17 часот, репризно на 26 октомври од 4 часот, емисијата „Поента" за тема ги има предвремените парламентарни избори, при што се анализирани различни аспекти на изборниот процес – од мотивите на некои партии да ја оспорат уставноста на изборите и на изборните резултати поради диспаритетот на гласачкото тело во шестата изборна единица, преку континуираното повеќемесечно преповторување на главната аналитичка теза на проф. д-р Каракамишева, авторката на емисијата, дека се улогите на Специјалното јавно обвинителство, на сегашното раководство на Министерството за внатрешни работи, и на одредени делови од граѓанскиот активизам (мислејќи во прв ред на т.н. „Шарена револуција"), во целосна функција на опозицискиот СДСМ, со заклучок дека – 11 декември треба да се сфати не само како избор на нов парламентарен состав, туку како своевиден референдум што би ги определил доминантните принципи на политичката култура во Република Македонија.

На 26 октомври премиерно од 17 часот, со реприза на 27 октомври од 4 часот, во емисијата „Миленко Неделковски радио шоу", посредно преку опис на пост-изборната политичка ситуација во Република Црна Гора, се подвлекуваат паралели со постојните македонски политички состојби, со нагласка врз регионалното политичко влијание на САД, на Русија и на различните облици граѓански активизам. Политичките паралели, што авторот на емисијата ги повлекува со нагласена инвективна реторика за одредени македонски јавни личности (новинари и граѓански активисти), ги допираат предизборните прогнози ограничени во рамките на биполарното ривалство ВМРО ДПМНЕ / СДСМ, со заклучок дека е политичката судбина на Мило

Ѓукановиќ (цитат): „(...) *пример како ќе завршат овие кај нас кои се, а кои нема, и не ни можат да го испорачаат производот кој од нив се бара, а тоа е уништување на ВМРО ДПМНЕ, симнување од тронот на непобедливост, и на човек во кој има доверба народот, која ја има Никола Груевски, бидејќи тоа нема да успеат, нив ги чека 'Синдромот Сајгон', односно, сега да им е поблиску историски - синдромот Мило Ѓукановиќ*".

***Сектор за програмски работи***